**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/8
11.09. 2019 год.
СКОПЈЕ

FON FIRST PRIVATE UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 222**

**Скопје, 11.09.2019**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник од научната област Меѓународен менаџмент - 50609 и Бизнис менаџмент - 50603..............................................3533
2. Рецензија за учебно помагало „Вовед во криминалистика„...........................3542
3. Рецензија за учебно помагало учебно помагало „Криминалистичка тактика 2 - второ издание„........................................................................................................3546

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК во наставно-научно звање во области – Меѓународен менаџмент и Бизнис менаџмент, на **ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН, СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот, распишан во дневниот печат **Слободен печат од 24 јуни 2019 година,** за избор на еден **наставник во наставно-научно звање од научните области меѓународен манеџмент и бизнис менаџмент,** согласно одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки, при Универзитетот ФОН во Скопје, од **13-тата седница одржана на 03.09.2019 година, формирна е Рецензентската комисија** во следниот состав:

1. Проф. д-р Роберт Димитровски, Претседател
2. Проф. д-р Мирко Трипуноски, Член
3. Проф. д-р Баки Колеци, Член

По разгледувањето на пристигнатите документи и материјали, врз основа на Законот за високо образование и Статутарните одредби на Универзитетот ФОН од Скопје, Рецензентската комисија го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот, објавен во дневниот печат Слободен печат од 24 јуни 2019 година, за избор на еден Наставник во наставно-научно звање од научните области: **Меѓународен манеџмент (50609)  и Бизнис менаџмент (50603)** благовремено се пријави единствено кандидатот Д-р Силвана Јовческа, доктор на економски науки, област меѓународен менаџмент, **досегашен научен соработник од областите, со времетраење од 02.10.2017 година.**

Врз основа на увидот во пријавата на конкурсот и податоците за научната и стручна работа на кандидатот, може да се констатира следново:

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Силвана Јовческа е родена во Струмица каде што завршува основно и средно образование. Додипломски студии завршува на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Скопје и на **економски факултет,** УТМС, Скопје. Постдипломски студии, насока Менаџмент на човечки ресурси, завршува на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје каде **во јули, 2009 год. магистрира** на тема "Дизајнирање на тимската работа

клучен фактор за организациска ефективност", по што се стекнува со титула магистер по менаџмент на човечки ресурси. Во периодот **од септември 2010 година до септември 2014 год. работи како асистент од областа на менаџментот на ФОН Универзитет, Скопје.**

Д-р Силвана Јовческа во периодот **од 2011 год. до јуни 2014 година работи на докторскиот труд** со наслов "Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар" на Економски институт "Св. Кирил и Методиј", Скопје, по што на 10 јуни 2014 година се стекнува со научен степен **доктор на економски науки.**
Во периодот од **октомври 2017 год. и тековно, работи како научен соработник од областа на меѓународниот менаџмент на ФОН Универзитет, Скопје**.

Д-р Силвана Јовческа **од 2011 год. е дел од невладиониот сектор и Ценарот за кариера при ФОН Универзитет,** а од мај 2017 год. е на позиција **кооридинатор на Ценарот за кариера.**

Во соработка со Министерството за култура на Р. Македонија и универзитетот ФОН, д-р Силвана Јовческа го реализра проектот и е координатор на научна конференција **"И во македонската култура - лидерството е моќ на личноста, не на полот", Скопје 2019.**

Во периодот **од 17 до 22 јули 2017 год.** под менторство на д-р Силвана Јовческа и Европската асоцијација за локална демократија –АЛДА, Франција, се реализира **Летниот универзитет на тема "Сеќавање и меѓукултурен дијалог". На настанот д-р Јовческа освен како организатор се јавува и како предавач на тема "Intercultural dialogue and business".**

**Д- р Силвана Јовческа** активно го познава **англискиот јазик (сертификат CEFR – B2)** и има одлично познавање на **MS Office** и статистичката програма **SPSS (сертификат за статистичка анализа на податоци)**

## НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот **од јуни 2010 год. до септември 2014 год.**, од страна на Матичната комисија на Економскиот факултет при ФОН универзитет е избрана во звањето **асистент од областа на менаџментот. Д-р Силвана Јовческа 5 години работи како аситент на предмети од областа на менџментот** и покажува голем интерес и познавање од анализата и користењето на научните методи и постапки на истражување што се потврдува со издавање на **универзитетски учебник "Основи на научната методологија на истражување во областа на економијата", ФОН Универзитет, 2011.**

Во периодот **од октомври 2017 год. и тековно** д-р Силвана Јовческа работи како **научен соработник од областа на меѓународниот менаџмент и управувањето со човечки**

**ресурси при ФОН универзитет на Факултетот за Економски науки,** Факултетот за Странски јазици и бизнис, Факултетот за Бизнис информатика, Факултетот за спорт и спортски менаџмент и е **предавач на предметите:** Меѓународен менаџмент, Проектен менаџмент, Теорија на организација, Меѓународен менаџмент на човечки ресурси, Деловна комуникација и етика, Менаџмент на знаење, Корпоративен маркетинг менаџмент, Директен маркетинг. **Истражувањта и се** во областите: меѓународен менаџмент, бизнис менаџмент и менџмент на човечки ресурси.

Д-р Силвана Јовческа е **акредитиран ментор од страна на "Одбор за акредитација и евалуација на високото образование", Министерство за образование и наука, Р. Македонија и има менторство** на значителен број магистри и специјализанти при ФОН универзитет и е **член на комисија** за одбрана на магистерски и специјалистички трудови;

**Член е и на работната група** за изработка на нови елаборати за нови студиски програми на Факултетот за Економски науки, Скопје;

**Д-р Силвана Јовческа е позитивно оценета во процесот на самоевалуација во сите години од нејзиното работно искуство како асистент и наставник - предавач во областа менаџментот, за што во прилог се позитивните извештаи од комисијата за проверка и оценување на наставниот кадар на ФОН Универзитет, Скопје.**

**Дополнителна научна дејност:**

- **(2019 год. – тековно) – рецезент,** член на редакцискиот одбор на научно меѓународно списание на **IndraStra Global, (Thomson Reuters Web of Science/Clarivate Analytics), New York, USA**
- **(2013 год. – тековно) - рецезент,** член на редакцискиот одбор на научно меѓународно списание на државниот **Универзитет за национална и меѓународна економија (УНСС), Софија, Р. Бугарија**

**Д- р Силвана Јовческа има учествувано на повеќе научни меѓународни и домашни проекти:**

- "И во македонската култура: лидерството е моќ на личноста, не на полот", **Министерство за култура на Р. Македонија, Скопје, 2019**
- "Студентска музичка пролет", **Министерство за култура на Р. Македонија, Скопје, 2018**
- "Remembrance and Intercultural Dialogue", **ALDA – the European Association for Local Democracy, Normandy, France, E.U. held in Skopje, R. Macedonia, 2017**
- Tet-a-tet With the Euro – Atlantic Values, **Friedrich-Ebert-Stiftung offices of Skopje and Paris, 2013;**
- Tet-a-tet With the Euro – Atlantic Values, **Friedrich-Ebert-Stiftung offices of Skopje and Paris, 2012;**
- Factory of Knowledge, **FON University, Skopje, year – 2018, 2017, 2016, 2015, 2014, 2013, 2012…**

Д-р Силвана Јовческа **има издадено голем број на научни и стручни трудови на меѓународно ниво.** Значајно е да се забележи дека во 2017 год. **меѓународната научна издавачка куќа LAP Lambert, Германија** ја објавува нејзината книга **"International Managers"**, со меѓународен рецензентски одбор, а во 2011 год. во коавторство со проф. д-р Тодор Тодоров го издава **универзитетскиот учебник "Основи на научната методологија на истражување во областа на економијата"**, со што се потврдува нејзиното големото познавање и професионализам во однос на познавањето и употребата на научните методи и техники на истражување на меѓународно ниво. Таа има учествувано на значителен број меѓународни и домашни конференции, семинари и научни собири.

## СПИСОК НА ПОЗНАЧАЈНИ ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

## ИЗДАДЕНИ КНИГИ - АКАДЕМСКИ ПУБЛИКАЦИИ

**1.** Jovcheska Silvana, **"International Managers", LAP Lambert, Academic Publishing, Saarbrucken, Germany, 2017**
(https://www.lap-publishing.com//system/covergenerator/build/152936)

**2.** Јовческа С., Тодоров Т., **"Основи на научната методологија на истражување во областа на економијата"**, универзитетски учебник, **ФОН Универзитет, 2011**

## МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ ПУБЛИКАЦИИ ВО МЕЃУНАРОДНИ СПИСАНИЈА СО ИНДЕКС:

**Open Access Journals (EBSCO) и Global Impact and Quality Factor:**

**1.** Jovcheska S., "The Necessity of Professional Mentors for Successful Expatriate's Adaptation on Their Retrieval to Their Home Countries" **Knowledge, (International Journal Scientific and Applicative papers V30.6), 2019 (EBSCO, Copernicus, Global Impact & Quality Factor 1.822)**
**2.** Jovcheska S., "Multinational and International Teams - Strategy for Performing Critical Organizational Projects", **Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.32, 2019 (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**
**3.** Jovcheska S., Zununi Z. "Brand Management and Intellectual Property", **Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.30, 2018 (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**
4. Jovcheska S., Zarezankova Potevska M., "Correlation Between the Way of Managing Human Resources and Strategy to Compete in the International Market", **ANNUAL of ISPJR,**

**University "Ss. Cyril and Methodius", Volume XLI, 2017 (EBSCO, 4.0 International Licence)**

**5.** Jovcheska S., "Strategic Approach to Permanent Education and Profesional Development in a International Scale", **Vizione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.27,2017 (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

**6.** Jovcheska S., Zarezankova Potevska M., "Types of Concepts of Organizational Culture" **Knowledge, (International Journal Scientific and Applicative papers V17.4), 2017 (EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.322)**

**7.** Zarezankova Potevska M., Jovcheska S., "Personal Moralof Entrepreneurs" Knowledge, (International Journal Scientific and Applicative papers V16.4), 2017 **(EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.023)**.

**8.** Jovcheska S., "Identification of Management Potential to Work at International Market" Knowledge, **(International Journal Scientific and Applicative papers V15.3), 2017 (EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.023)**.

**9.** Jovcheska S., Jankova N., "The global market and the global work force" Knowledge, (International Journal Scientific and Applicative papers V12.2), 2016 **(EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.023)**.

**10.** Jovcheska S., Popovski V., "Professional profile of a successful international manager" ANNUAL of ISPJR, University "Ss. Cyril and Methodius", Volume XXXIX, 2015 **(EBSCO, EBSCO, 4.0 International Licence)**

**11.** Popovski V., Borota P.M., Jovcheska S., "Factors Ranked by Expatriate Managers for the Successful Implementation of the International Task" **Economic Development N.3/2014, Journal of the Institute of Economics, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje (EBSCO, CEEOL-Frankfurt, Germany)**

**12.** Jovcheska S., Chudoska I., Zununi Z., "Profile of Professional and International Managers", **Vizione 24, Visione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.24, 2015 (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

**13.** Zunni Z., Jovcheska S., "General Electric Company – Successful Strategy for Successful Performance in the International Market" **Vizione 23/2015, International Journal of Economics, Politics and Sociology (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

**14.** Jovcheska S. "Evaluation of Training Programs and Professional Development of Human Resources" Knowledge Vol.9, 2015 (International Journal Scientific and Applicative papers V9) **(EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.023)**.

**15.** Zununi Z., Jovcheska S., "Planing Human Resources – Practice for Working of Modern and Successful Companies in a Global Level" **Vizione n.21, 2014 (International Journal of Economics, Politics and Sociology, (EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

**16.** Јовческа С., "Бизнис и професионална кариера во национални размери", New Knowledge for the New People", Knowledge Vol.1&2, 2014, International Journal Scientific and Applicative papers V9, **(EBSCO, Global Impact & Quality Factor 1.023)**.

**17.** Јовческа С., "Поддршка во развојот на мали и средни претпријатија", **VII Majska konferencija o strategijskom menadzmentu i VII Studentski simpozijum o strategijskom menadzmentu, Zajecar, Srbija, 2011(EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

**18.** Јовческа С., **"**Стратегија за развој на образованието во земјите од Западен Балкан", I Međunarodni naučni skup o ekonomskom razvoju i životnom standardu, **EDASOL, Panevropski Univerzitet Aperion, Banja Luka, Bosna i Hercegovina, 2011(EBSCO, Proquest & Cite Factor)**

## ОСТАНАТИ ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ ЗБОРНИЦИ, КОНФЕРЕНЦИИ И УЧЕСТВО НА НАУЧНИ НАСТАНИ

**1.** Jovcheska S., "Profesional Managers for Profesional European Values" International Scientific Conference "European Union's Strategy for the Danube Region in the 21st century" (27th Conference "Danube- River of Cooperation"), **Institute of International Politics and Economics, Belgrade, September, 2016**

**2.** Jovcheska S., Zununi Z., "The New Role of Multinacional Corporations" **Crossroads, The Macedonian Foreign Policy Journal, nov.2015, Vol.IV. No.3**

**3.** Jovcheska S., "The Principles of Action of Multinational Corporations in the International Environment Management" International Scientific Conference "European Union's Strategy for the Danube Region in the 21st century" (26th Conference "Danube- River of Cooperation) , **Institute of International Politics and Economics, Belgrade, September 27-28th 2015**

**4.** Jovcheska S. "International Communication – a Visa for Successful Accomplishment of an International Task", **University of National and World Economy, Department of International Economic Relations and Business", Sofia, October, 2014**

**5.** Jovcheska S., "International Business – Creator of a New Economic Structure with New Functional Characteristics of the International Organizational Structures and New Typology of International Corporate Cultures" "The Old and New World Order – Between European Integrations and Historical Burdens: Prospects and Challenges for Europe in the 21st Century", **Institute of International Politics and Economics, Beograd, May, 2014**

**6.** Jovcheska S., "Distance learning in contemporary international corporations – a key to successful management", **International on-line publication, Distance Education Network, Baden, april, 2014**

**7.** Јовческа С., "Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар", **докторска дисертација, Економски институт "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 10.06.2014;**

**8.** Jovcheska S., "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Six Years After It's Eastern Enlargement, **University of National and World Economy, Department of "International Economic Relations and Business", Sofia, 11 October 2013**

**9.** Jovcheska S., "Management Strategic Directions of Development for the Countries of Western Balkans", "Strategic Developments and Establishment of Serbia's Position in Contemporary International Relations", **Institute of International Politics and Economics, Beograd, 22-23 april, 2013;**

**10.** Jovcheska S., "Shperngulja e popullsise nga rajoni i Mavroves dhe Rostushes per ne Turqi", Studime Albanologjike, **Instituti i trashegimise shpirterore e kulturore te shqiptareve, Skopje, 2012**

**11.** Jovcheska S. "Population Migration – A Never Ending Process", **Crossroads, The Macedonian Foreign Policy Journal, sep.2011-march.2012, Vol.III. No.1**

**12.** Jovcheska S., "Levizija natyrore e populates se pergjithshme ne fshatrat te cilat sot I perkasin Komunes Mavrove dhe Rostushe", **Visione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.17, 2011j**

**13.** Jovcheska S., Zunun Z., "Europeization and Macedonian Emigration in the European Countries – Example of Italy", **Identity in the Era of Globalization and Europeanization, International Scientific Conference, University "St. Ciril and Metodij", Skopje, 2011**

**14.** Јовческа С., "Имплементација на квалитетна социјална политика предуслов за побрз економски раст и развој на Р.Македонија", **Visione, International Journal of Economics, Politics and Sociology, n.16, 2011**

**15.** Јовческа С., "Дизајнирање на тимската работа клучен фактор за организациска ефективност", **магистерски труд, Институт за социолошки и политичко правни истражувања "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, 2009**

**16.** Јовческа С., "Невработеноста резултат на степенот на образование" – **Knowledge – Capital of the Future, International Scientific Conference, Ohrid, 2009**

**17.** Јовческа С., "Комуникациски процес" – **Knowledge – Capital of the Future, International Scientific Conference, Ohrid, 2009**

**18.** Јовческа С., "Тимската работа клучен фактор за организациска ефективност" – **Knowledge – Capital of the Future, International Scientific Conference, Ohrid, 2009**

## УЧЕСТВО НА ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ

**1.** MakeLearn & TIIM International Conference: "Thriving on Future Education, Industry, Business and Society", **Piran, Slovenia, 2019**

**2.** University of Nacional and World Economy, International Conference: " The EU Six Years After It's Last Enlarement: Problems and Prospects", **Sofia, 2018**

**3.** University of Nacional and World Economy, International Conference: "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Tenth Years After, **Sofia, 2017**

**4.** European Union's Strategy for the Danube Region in the 21st century", "Danube- River of Cooperation, **Belgrade, 2016**

**5.** University of Nacional and World Economy, International Conference: "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Ninth Years After, **Sofia, 2016**

**6.** University "Goce Delchev" Shtip, International Conference FILCO: Jankova Natka, Jovcheska Silvana - THE ART OF BUSINESS ENGLISH .

**7.** European Union's Strategy for the Danube Region in the 21st century", "Danube- River of Cooperation, **Belgrade,2015**

**8.** University of Nacional and World Economy, International Conference: "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Eight Years After, **Sofia, 2015**

**9.** "The Old and New World Order – Between European Integrations and Historical Burdens: Prospects and Challenges for Europe in the 21st Century", **Belgrade, 2014**

**10.** University of Nacional and World Economy, International Conference: "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Seven Years After It's Eastern Enlargement, **Sofia, 2014**

**11.** "Strateski pravci razvoja i utvrdivanja polozaja Srbije u savremenim medzunarodnim odnosima", **Belgrade, 2013**

**12.** University of Nacional and World Economy, International Conference: "Competitiveness of the European Countries in the World Economy", The European Union: Six Years After It's Eastern Enlargement, **Sofia, 2013**

**13.** "Western Balkans and relations with the Former Yugoslav Republic of Macedonia", **NATO, Brussles, Belgium, 2012**

**14.** "Current Political Issuies and Chicago Summit" **NATO, Brussles, Belgium, 2012**

**15.** "SHAPE and Allied Command Operations", **SHAPE, Brussles, Belgium, 2012…**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Д-р Силвана Јовческа** е со неколкугодишно работно искуство во високото образование како **соработник/асистент и научен истражувач (две години)** во областа на меѓународниот менаџмент и менаџментот на човечки ресурси. Д-р Јовческа има учествувано на значителен број меѓународни и домашни конференции, семинари и научни собири и има издадено повеќе рецензирани научни трудови и книги од страна на престижни меѓународни академски издавачки куќи преку што се согледуват нејзините солидни постигнувања во примената на научно-истражувачките методи во научното истражување и нивна примена во наставниот процес. Врз основа на сето досега изнесено, имаме особено задоволство и чест да ја предложиме **Д-р Силвана Јовческа** за избор во **наставно-научно звање Доцент во области – Меѓународен менаџмент (50609) и Бизнис менаџмент (50603).**

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

1. Проф. д-р Роберт Димитровски, с.р. Претседател

2. Проф. д-р Мирко Трипуноски, с.р. Член

3. Проф. д-р Баки Колеци, с.р. Член

Септември, 2019, Скопје

## РЕЦЕНЗИЈА

на ракописот „**Вовед во криминалистика**“ од авторите

проф. д-р Методија Ангелески и доц.д-р Севиљ Муаремоска Абдули

Со одлука на седница на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност одржана на 24.06.2019 година на Првиот приватен -ФОН Универзитет во Скопје избрани сме за рецензенти на ракописотпонуден како учебно помагало - практикум со наслов „Вовед во криминалистика“ од авторите проф. д-р Методија Ангелески и доц. д-р Севиљ Муаремоска Абдули.

Темелно го проучивме понудениот ракопис под погоренаведениот наслов и во врска со ова го поднесуваме следниов

**И з в е ш т а ј**

**I Опис**

Ракописот се состои од густо отчукан текст распослан на вкупно 66страници (просечнопо 40 реда на страница во Times New Roman, фонт 12 со 1,00 проред) + една страна попис на библиографски единици (од домашни и странски автори)

Структурата на текстот ја сочинуваат вкупно 11глави наведени според следниов редослед

1. Поим, предмет и задачи на криминалистиката
2. Системност на криминалистиката
3. Поврзаност на криминалистиката со други науки
4. Криминалистиката како наставен предмет
5. Историски развој на криминалистиката
6. Меѓународна криминалистичка соработка
7. Методи на криминалистиката
8. Криминалистичко планирање
9. Криминалистички начела
10. Криминалистичко - информативна дејност
11. Начини за дознавање на постоење на кривични дела

Во првата глава се дефинира поимот на криминалистиката како наука при што се користат знаењата на проф. д-р Владимир Водинелиќ, кој ги создал прагматичната и теоретската дефиниција на криминалистиката. Се потенцира заедничкиот предмет на интерес односно општиот објект на криминалистиката со останатите правни и неправни науки. Исто така се посветува внимание и на предметот и задачите на криминалистиката. Во продолжение на оваа глава дадени се 4 задачи за проверка на знаењата на читателот.

Наредната глава содржи текст за системно-структурниот пристап во истражувањето. Во неа е објаснет системот како поим и неговиот состав од повеќе потсистеми. Во рамките на оваа глава криминалистиката е третирана како целост која е составена од повеќе меѓусебно поврзани делови и претставена е неопходноста на изучување на сите делови засебно. Дополнително во втората глава на студентите им се поставени 2 прашања.

Во третата глава претставена е поврзаноста на криминалистиката со другите науки кои како заеднички објект ја имаат борбата против криминалитетот. Се објаснува дека освен со кривичните науки, во чиј состав влегува и криминалистиката, таа е поврзана и со природните и општествени науки. Понатаму објаснета е нејзината поврзаност со кривичното право, кривичното процесно право, криминологијата, полициските науки, криминалната и судската психологија и судската медицина. Во надополнување на теоретскиот дел од оваа глава е поставени се и неколку задачи за проверка на знаењата на студентите.

Четвртата глава од практикумот е обработена потребата за криминалистичка едукација, односно неопходноста на конзистентни модели на едукација на универзитетско ниво што ќе овозможат високо научно-стручно образование. Се објаснува дека сознанијата кои се стекнуваат со универзитетското образование, надополнети со истражувања, може да создадат ефективна и ефикасна стратегија за борбата против криминалитетот. Понатаму во текстот спомената е и потребата за криминалистичко образование на стручните кадри, како и значењето на криминалистиката во студиските програми на високо образовните институции. Исто така како и другите глави и во оваа глава има дел со прашања и задачи за проверка на знаењата на студентите.

Петтата глава се однесува на историскиот развој на криминалистиката во која објаснети се почетоците на криминалистиката како млада наука и нејзиниот развиток како плод на развитокот на општеството и дострелите на природните и техничките науки. Во понатамошниот текст признание му се дава на криминалистот Албонс Бертијон, како творец на методот за идентификација на лица, како и на основоположникот на криминалистичката наука (Ханс Грос) кој прв пат го употребил поимот криминалистика. Авторите го споменуваат проф. д-р Владимир Водинелиќ како најзначајна фигура во развојот на криминалистиката во Република Македонија. Во продолжение на оваа глава следуваат 10 задачи за проверка на знаењата.

Во следната глава објаснета е меѓународната полициска соработка од самиот почеток со одржувањето на Првиот меѓународен конгрес на судската полиција. Понатаму опишано е основањето на Меѓународна комисија на криминалистичката полиција-МККП и нејзиното понатамошно организирање во Интерпол. Авторите го опишуваат и составот на Интерпол како и условната

поделба на меѓународната потрага. Во продолжение на теоретското образложение дадени се прашања кои студентите треба да ги одговорат со цел да ги проверат своите знаења.

Седмата глава насловена како Методи на криминалистиката ја истакнува потребата на примена на научни методи во криминалистичката наука, а како најопшт метод опишан е дијалектичкиот метод. Методите кои се користат во криминалистиката групирани се на општи и посебни методи и објаснета е нивната примена. Како и кај останатите глави и овој дел е дополнет со осум прашања и задачи за проверка на знаењата.

Во текстот на осмата глава опишано е значењето на криминалистичкото планирање во сите фази на работењето на криминалистот. Авторите го споменуваат моделот на планирање на Водинелиќ, каде важен дел заземаат одговорите на криминалистичките прашања. Значаен дел од текстот се посветува на верзиите, како почетна точка на криминалистичкото планирање, а исто така опишано е значењето на криминалистичкото профилирање во составувањето на криминалистичкиот план. Во прилог на текстот дадени се и два примери (создавање мислеовен модел и проверување верзии и криминалистичко профилирање) од каузистиката, како и повеќе задачи за проверка на знаењата на студентите.

Деветата глава е посветена на криминалистичките начела, каде се објаснува нивната улога како правила во криминалистичкото работење, а исто така авторите ги посочуваат и последиците од нарушувањето на овие начела во работата на криминалистот. На крајот од текстот следуваат прашања и задачи наменети за студентите.

Претпоследната глава е посветена на криминалистичкко-информативната дејност. Во неа авторите ја опишуваат неопходната потреба на криминалитот од информации. Објаснета е потребата на информаторот како конспиративен извор на сознанија, а исто така направена е и класификација на конспиративните извори. Се споменува и проверката на мотивите на лицата што соработуваат со полицијата, како значаен сегмент во криминалистичко – информативната дејност. Дополнително оваа глава е збогатена со соодветен образец за добиена информација. Како и кај другите глави дадени се задачи за проверка на знаењата.

Во последната глава од практикумот наведени се начините на дознавање за постоење на кривични дела. Опишани се начините преку кои криминалистите доаѓаат до почетните информации во првиот оперативен зафат,а како најважен начин се издвојува кривичната пријава за која е дадено детално објаснување. Во прилог на текстот како пример од каузистиката дадена се: комплетна кривична пријава против познат сторител и еден пример за комплетна кривична пријава против непознат сторител. И оваа како и останатите глави збогатена е со голем

број на задачи за проверка и утврдување на знаењата на студентите. Во дел од задачите се бара студентите да ги пополнат празните образци кои се дадени во прилог а кои се однесуваат на некои од начините на дознавање за постоење кривично дело и/или сторителите на тие дела.

## II Констатации

Врз основа на погоре изнесениот опис на ракописот кој ни беше доставен констатиравме дека овој ракопис ги задоволува сите стандарди за труд од ваков тип.

## III Заклучок

Погоре наведените констатации упатуваат на заклучокот дека анализираниот ракопис (понуден како учебно помагало - практикум под наслов „Вовед во криминалистика“) од авторите проф. д-р Методија Ангелески и доц. д-р. Севиљ Муаремоска Абдулиги задоволува стандардите на учебно помагало - практикум од оваа научна област.

Скопје, 04септември 2019 г.

Рецензенти

**проф. д-р Злате Димовски, с.р.**

______________________________

**проф. д-р Насер Етеми, с.р.**

______________________________

# **РЕЦЕНЗИЈА**

на ракописот „**Криминалистичка тактика 2**“ од авторите

проф. д-р Методија Ангелески и доц. д-р Севиљ Муаремоска Абдули

Со одлука на седница на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност одржана на 24.06.2019 година на Првиот приватен -ФОН Универзитет во Скопје избрани сме за рецензенти на ракописот понуден како учебно помагало - практикум со наслов „Криминалистичка тактика 2“ од авторите проф. д-р Методија Ангелески и доц. д-р Севиљ Муаремоска Абдули.

Темелно го проучивме понудениот ракопис под погоренаведениот наслов и во врска со ова го поднесуваме следниов

## **И з в е ш т а ј**

### **I Опис**

Ракописот се состои од густо отчукан текст распослан на вкупно 115 страници (просечно по 50 реда на страница во Times New Roman, фонт 12 со 1,15 проред) + две страници попис на библиографски единици (од домашни и странски автори и по неколку правни и интернет извори).

Структурата на текстот ја сочинуваат вкупно 10 глави наведени според следниов редослед:

1. Сослушување
2. Испитување обвинет
3. Соочување
4. Претресување
5. Препознавање
6. Привремено одземање предмети и привремено обезбедување предмети и имот
7. Вештачење
8. Увид
9. Криминалистичка реконструкција
10. Криминалистички експеримент.

Во првата глава се дефинира процесното дејствие Сослушување како едно од најчестите процесни дејствија кои се превземаат во пракса. Се потенцира важноста за поставување дозволени прашања за сметка на недозволените. Објаснети се фазите на спроведување на ова процесно

дејствие како и доказаната важност на Сослушувањето и доказите прибрани со ова процесно дејствие. Освен теоретскиот осврт, оваа глава е дополнета со два примери од пракса со записници за спроведено процесно дејствие Сослушување. Во продолжение дадени се 17 прашања и задачи за проверка на знаењата на читателот од кои последната задача подразбира пополнување на веќе даден празен образес за спроведено процесно дејствие Сослушување.

Наредната глава содржи текст за поимот и предметот на процесното дејствие Испитување обвинет, односно се прави дистинкција и се потенцира специфичноста на ова дејствие во однос на Сослушувањето. Накратко се објаснети фазите на испитувањето обвинет како и начинот на фиксирање исказ од обвинет. Во делот на казуистиката даден е пример за фиксирање исказ од обвинет за спроведено процесно дејствие Испитување обвинет. Дополнително во рамките на оваа глава на студентите им се поставени повеќе задачи меѓу кои и задача за пополнување на записник за спроведено процесно дејствие Испитување обвинет врз основа на хипотетички случај.

Соочувањето како едно од поспецифичните процесни дејствија поимно се дефинира во третата глава од практикумот. Обаботени се тактичките начини на спроведување на ова процесно дејствие и даден е краток осврт на неговата процесна тежина како и доказната важност на доказите прибрани со помош на Соочувањето. Теоретскиот дел од оваа глава е поткрепен со пример од пракса, а дополнително се поставени и неколку задачи за проверка на знаењата на студентите.

Четвртата глава од практикумот го дефинира поимот, значењето, правната основа и доказната важност на претресувањето како и видовите претресување но и тактиката и техниката на спроведување на ова процесно дејствие. Освен теоретскиот дел, во оваа глава се дадени неколку примери за спроведено процесно дејствие претресување. Исто така како и другите глави и во оваа глава има дел со прашања и задачи за студентите кои се однесуваат на претресувањето како сериозно процесно дејствие како и постаката со пронајдените предмети.

Во петтата глава се обработени поимот и суштината на процесното дејствие Препознавање како и тактичките правила за спроведување на ова процесно дејствие. Оваа глава е збогатена со три примери за подготвени записници за препознавање и со повеќе задачи и прашања во врска со поимот, значењето, фазите и видовите на препознавањето.

Следната глава обработува две блиски но во суштина многу различни процесни дејствија а тоа се: Привременот одземање предмети и привремено обезбедување предмети и имот. Авторите прават јасна дистинкција помеѓу овие две процесни дејствија кои во основа имаат иста цел, но во суштина битно се разликуваат во однос на тактиката и техниката на спроведување. Во продолжение на теоретското образложение дадени се потврди за привремено одземени предмети како и потврди за вратени предмети. Исто така студентите во делот на задачи имаат можност да ги пополнат празните образци за привремено одземени и вратени предмети кои се дадени во прилог а со тоа и да ги проверат своите вештини и знаења

Вештачењето како процесно дејствие кое се состои од наод и мислење ена конкретно стручно лице во врска со прашања и проблеми кои му се поставуваат а со цел откривање и докажување на одредено кривично дело и неговиот сторител е едно од суштинските процесни дејсвија во пракса. Во оваа глава авторите ги објаснуваат видовите вештачења и нивната доказна важност. Како и кај останатите глави и овој дел е поткрепен со интересни примери за дактилоскопско, за балистичко и за судско-медицинско вештачење на труп.

Осмата глава од практикумот го дефинира увидот како процесно дејствие, фазите на увидот и видовите увид. Обработени се повеќе (вкупно четири) примери за спроведен и протоколиран увид на местото на настанот.

Претпоследната глава е посветена на криминалистичката реконструкција. Дефиниран е поимот на ова процесно дејсвие, видовите криминалиситички реконструкции како и тактичките правила за вршење на ова процесно дејсвие. Дополнително оваа глава е збогатена со три примери за спроведено и протоколирано процесно дејствие криминалистичка реконструкција.

Последната глава од практикумот го дефинира криминалистичкиот експеримент како процесно дејствие, видовите на криминалистички експеримент како и начинот на фиксирање на резултатите од ова процесно дејствие. И покрај фактот што во пракса многу ретко се спроведува ова процесно дејствие авотрите се потрудиле да го поткрепат со соодветен пример од пракса.

**II Констатации**

Врз основа на погоре изнесениот опис на ракописот кој ни беше доставен (кој, всушност претставува второ и дополнето издание на практикум кој првично е публикуван во 2016 година со наслов Криминалистичка тактика 2) констатиравме дека овој ракопис ги задоволува сите стандарди за труд од ваков тип.

**III Заклучок**

Погоре наведените констатации упатуваат на заклучокот дека анализираниот ракопис (понуден како учебно помагало - практикум под наслов „Криминалистичка тактика 2“) од авторите проф. д-р Методија Ангелески и доц. д-р. Севиљ Муаремоска Абдули ги задоволува стандардите на учебно помагало - практикум од оваа научна област.

Скопје, 04 септември 2019 година.

Рецензенти:

**проф. д-р Злате Димовски, с.р.**

____________________________

**проф. д-р Насер Етеми, с.р.**

____________________________